**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**и Основен Кривичен суд Скопје**
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.66**

**И.бр.08/21**

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител ПроКредит Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066, ЕМБС 5774136 и седиште на ул. Манапо бр. 7, засновано на извршната исправа Нотарски акт- Договор за залог врз недвижност- Хипотека ( со својство на извршна исправа) ОДУ бр. 701/19 од 12.07.2019 год. на Нотар Анастасија Петреска од Скопје, против должникот Друштво за трговија и услуги ФРУИТ ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030004504179, ЕМБС 5853729 и седиште на ул. Антон Попов бр. 3 Гази Баба, должникот Трговско друштво за трговија,услиги и производство ЏИНЕРЕ-КОМЕРЦ Неруф и Џибо ДОО експорт-импорт Скопје со ЕДБ 4030991132784, ЕМБС 4241126 и седиште на ул.Панче Неделковски бр. 56 и заложниот должник Маја Симоновска Николовска од Скопје со живеалиште на Бул. Мак-Косовска Бригада бр. 51 за спроведување на извршување, на ден 29.09.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- КП бр.2203 дел 5, викано место/улица Б.Стефковски, катастарска култура ГЗ/ГНЗ, со површина од 4158 $м^2$, запишана во имотен лист бр.69585 за КО Маџари со право на сопственост на заложниот должник Маја Симоновска Николовска од Скопје со живеалиште на Бул. Мак-Косовска Бригада бр. 51 со сите сегашни и идни припадоци и прирастоци.

Продажбата ќе се одржи на ден 15.10.2021 година во 10:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска на адреса бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28-5/11, Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.08/21 од 28.09.2021 год., изнесува 247.401,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Хипотека во корист на ПроКредит Банка АД Скопје, Налог на извршител.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број 5032010500238.

Данокот на промет на недвижноста и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска

Д.-на:
- заложен доверител
- заложен должник/должник
- должник
- Град Скопје/Одделение за наплата на даноци и други јавни давачки
- Министерство за финансии - Управа за јавни приходи - Регионална дирекција – Скопје

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.